**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,47 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата, да започнеме со работа.

Пред да започнеме со работа, ве повикувм со едно минутно молчење да му оддадеме почит на нашиот драг и почитуван колега Гоце Маркоски.

(Со едно минутно молчење пратениците му оддадоа почит на починатиот пратеник Гоце Марковски)

Продолжуваме со работа по Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Фијат Цаноски, Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска, Лазар Китаноски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Веле Митановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по точката - **Предлог за донесување на закон за научно истражувачка дејност, со Предлог на закон.**

Отварам претрес по амандманот на член 18 став 2, за додавање на нова алинеа 5 по алинеа 4, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, ако ми дозволите, пред да се изјаснам за овој амандман, најпрвин една сега техничка исправка која призлезе од прифатениот амандман на член 8 во кој, наместо Владата, сега Националната програма за научно истражувачка дејност ќе ја донесува Собранието.

Сега, соодветно на тоа, во член 66, во преодни и завршни одредби стои дека Владата во рок од една година ќа ја донесува програмата, да се направи техничка исправка, Собранието во рок од една година ќе ја донесе програмата.

Значи, бидејќи нема амандман, да се смета дека тоа Собранието го прифаќа како техничка исправка, согласно прифатениот амандман од член 8.

**Љубиша Георгиевски:** Вие го прифаќате амандманот или не, тоа не ве разбрав.

**Јован Лазарев:** Сега ќе се изјаснам за постојниот амандман. Тоа е пред амандманот.

Ако може да влезе во стенограмот, да не испадне сега во еден член носи Националната програма Собранието, а во завршни одредби и да стои Владата ја носи. Значи ако Собранието усвои дека Собранието ќе ја усвои програмата, во член 66 да се исправи дека Собранието ја носи програмата.

**Љубиша Георгиевски**: Предлагам да гласаме по...

**Слободан Најдовски:** Не може да се гласа по тие точки. Треба да се поднесе амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Господине заменик не би се согласило Собранието ако не поднесете амандман.

**Јован Лазарев:** тогаш треба да го враќаме на Влада заради една техничка исправка.

Амандманот што ние го прифативме е од пратениците од Собранието, од опозицијата.

Молам ако може тука да помогне претседателката на Законодавно-правната комисија.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јави господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Мислам дека проблемот е решлив. Било кој пратеник може да предложи амандман во функција на усогласување на текстот поради измената што настана поради тоа што рече заменик министерот и ние нема зошто да не го прифатиме.

За усогласување може да се поднесат и во текот на седницата, во овој случај, може тоа да го направи било кој пратеник ако не може самата Влада. Законодавно-правната комисија може кратко да заседава и да го прифати како начин на усогласување на текстот, ако мора.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи прашањето е строго формално, имаме ли пратеник кој би поднел таков амандман и потоа во текот на седницата и потоа Законодавно-правната комисија ќа се повлече за да го ратификува тоа.

Имаме ли таква можност?

**Слободан Најдовски:** Тој што го поднел амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш како ќе се реши, ќе поднесе амандман госпоѓа Грковска. Во меѓувреме, нема да ја прекинуваме седницата, ако може, работиме, господине заменик министер и Законодавно-правната комисија го прифаќа тој амандман, го поднесува и процедираме.

Повелете господине заменик министер за амандманот кој го прочитавте.

**Јован Лазарев:** Од овој амандман и од следниот амандман тие одредби се содржат во законот во други членови и јас со предлагачот, господинот Герамитчиоски се договоривме дека тој ќе ги повлече овие два амандмани. Очекувам да ги повлече, односно еве Владата го одбива аамандманот односно не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Се извинувам, станува збор за амандман на член 17 или на член 18.
**Љубиша Георгиевски:** Член 18 став 2 нова алинае 5 по алинеа 4.

**Тале Герамитчиоски:** Затоа што заменик министерот кажа два амандмани. Ова е последен амандман од усогласувањето и го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 25 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага еден став околу научно истажувачката дејност на високо образовните установи, а тоа е -академскиот кадар има право да врши научно истражувачка дејност и надвор од Годишната програма на установата под услов на исполнување на обрските кон установата согласно со договорот за работа и вели со статутот на установата се уредуваат условите за реализација на дејноста на овој член.

Мислиме дека со овој член даваме одредена слобода во рамките на статутот на установата и договорот за работа на установата, научните работници да можат да работат и на други проекти на пример: меѓу факултетски, меѓу универзитетски, меѓу народни проекти. Од тие причини мислиме дека таа слобода не треба да се ограничува.

Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 25 став 3, за додавање на нова реченица, поднесен од пратениците Тале Герамичиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага нов став каде се вели дека резултатите од научно истражувачка дејност се незаменлив услов за развој на академската кариера на начниот кадар. Тоа се подразбира и тоа е регулирано низ целиот закон. Мислиме дека оваа реченица не е потребна. Од тие причини не го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Она што се подразбира во други држави кај нас не се подразбира.

Во законот за високо образование имате услови во членови како се напредува во академската кариера на еден академски кадар. И таму еден фамозен член има во кој што постојат услови за предвремени избори. Буквално настана трка помеѓу сите членки на универзитети, државни, приватниот, во кои секој преку ноќ станува професор. Небројни се примерите колку злоупотреби има на тој член, или со онаа старата изрека - сложни калуѓери и во петок мрсат, си се договараат јас тебе ти мене, ќе си напишеме рецензија, ќе си се избереме во повисоко звање, само што поминале две ипол години од последниот избор. Дрскоста е уште поголема што тие луѓе не запираат тука, уште повеќе, поради политичка инволвираност или притисок на политиката во таа дејност се бираат директори на високи школи за декани, за незнам што, а имаат академска кариера од две ипол до три години и наеднаш станале професори. Сега да не ви кажувам примери, преку пратеничко прашање самите ми потврдивте, просветниот инпекторат дека постојат такви злоупотреби. Ако немавме сила и храброст тоа да го спречиме во Законот за високо образование. Ако немавме сила и храброст тоа да го спречиме во законот за високо образование, овде барем да реагираме, научен работник може да напредува во својата научно-истражувачка карира со постапка која е дефинирана во Законот, само со резултатите на неговата работа. Јас знам дека тоа не треба така да стои, дека се подразбира, но во Република Македонија не се подразбира. Вие тоа добро го знаете.

Ние правевме напори, значи морам да ви објаснам, оваа реченица во себе содржи пошироки проблеми. Кога ќе се конкурира за развојни проекти или за научно-истражувачки проекти, внесовме некои критериуми, значи импак фактор да има одредена вредност според часописите, списанијата, конференциите каде што учествувал научниот работник, да биде основен критериум според кој таа Комисија или рецензентите се вреднуваат какви се нерезултати постигнал, па да се даде поддршка, да продолжи со својата работа. Ако сакате да воведете ред, ако сакаме сите да воведеме ред, мора преку законски форми да дадеме соодветна рамка која на институциите ќе им помогне во евалуацијата, во вреднувањето. Инаку постојано некои второстепени комисии, за жал, ќе бидат бомбардирани или оговарани оние институции кои се задолжени да го вршат изборот, дека е правено по ваков или онаков критериум. Апсолутно ништо не смета да стои, во членот, во законот дека резултатите од научно-истражувачката дејност се основен критериум за

напредување во кариерата и ништо друго. Значи јас немам против и за две и пол години да прескокнуваат звања но да имаат соодветна подршка така што е во други земји, кога ќе поднесат во рефератот, рецензенската Комисија кога јавно ќе го објави во Билтен, да стои дека учествувал на толку и толку конференции, дека дал толку и толку трудови во одредени списанија кои имаат своја тежина изразена преку импак фактор. Вака систематски години со ред си девалвираме една дејност и тоа ќе ни се одбие од глава кога тогаш. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван пратениче, вие имате предложено уште еден амандман понатаму баш во духот на тоа што го зборувавте и еве јас најавувам дека тој амандман ќе ви го прифатам, така што тоа што го зборувате ќе се содржи во вашиот следен амандман што ќе го прифатиме. Ако ви е тоа доволно објаснување, да го повлечете амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Поднесениот амандман е комплементарен со наредниот амандман и претставува една заедничка целина во која целите кои сум сакал да ги постигнам, како предлагач, јас штотуку ви ги образложив од говорница. Тие се или прифатливи или не прифатливи. Не е за мене законот. Се трудам да објаснам дека е потребно да се внесе некој ред во оваа дејност, барем во напредокот на научно истражувачкиот кадар со тој кариерен развој.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас мислам дека овој амандман може да стои, но од друга страна сметам дека и не баш неопходен да биде вграден во член 25 и би сакала тука на колегата Герамитчиоски, точно е дека има избор во повисоки звања предвреме и дека многу често се доаѓа до злоупотреба до тој начин на избор, значи предвремен, со истекот на две и пол години. Меѓутоа, членот 43 од Законот го регулира изборот на предвремениот избор и мислам тука не е спорно затоа што добро е кажано дека избор во повисоко научно звање може да се врши пред истекот на периодот за кој е извршен изборот, доколку лицето со научно односно соработничко звање ги исполнил условите за избор во повисоко звање и со својата научна работа, особено придонело за развојот односно примената на научната дејност за која е избрано, по истекот на најмалку половина од времето за кое е изречен изборот во постојното звање. За ова се изготвува подзаконски акт и вели: - министерот, со подзаконски акт поблиску ќе ги пропише начинот и постапката за избор на повисоко научно звање. Јас мислам дека е многу посуштински со овој акт да бидат, значи ова го говорам, заменик министер за да ме слушнете, затоа што Министерството ќе го изготвува овој законски акт, мислам дека е многу важно во овој подзаконски акт да бидат внесени критериумите во целост, што се однесува, објавени трудови, присуство на симпозиуми итн, сега да не ги набројувам сите работи кои ќе бидат предвидени и со досегашните подзаконски акти за одредени научни звања, беше пропишано што треба да се име, дури за избор на највисокото советничко звање, доколку се врши тоа пред изборот, беше пропишано дека треба да има најмалку еден монографски труд. Мислам дека поважно е овој правилник што ќе содржи. Инаку, не сметам дека со овој амандман ќе може да се спречи она што исто досега го говореше колегата Герамитчиоски. Сметам дека амандманот може да стои, но не е неопходен за да придонесе да се спречи незаконското односно изигрување на законот при избор во повисоки научни звања. Значи, уште еднаш го замолувам заменикот министер да ја уважи оваа моја интервенција и во подзаконскиот акт да бидат прецизно дефинирани условите во кои ќе се избира во научни звања пред истекот на периодот предвиден со Законот за научно истражувачка дејност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Јас би сакала да се задржам малку и да подебатирам за овој амандман што е предложен од колегите. Би сакала да го искажам мојот личен став дека се сложувам со заложбата на колегата да не постои предвремен избор во повисоко звање.

Јас сметам дека коректно е да се поминат да речеме максимум тие пет години за да бидете избран во повисоко звање што е објективно реално време за да се покаже во научно истражувачката, во наставната дејност кандидатот кој што после тие пет години треба да биде реизбран во повисоко звање. Тоа е еден објективен временски период. Меѓутоа, од друга страна почитувани колеги ако некој од академскиот кадар се заложува и работи, учествува во научно истражувачки проекти и пишува монографии и учебници итн, во тој случај ние не можеме тој академски кадар да го поистоветиме со оние кои што се помалку амбициозни и со оние кои што можеби им е потребно заради нивниот не доволен ангажман и пет години за да се докажат дека се за реизбор односно за избор во повисоко звање во однос на оној кој е поамбициозен, повреден и во тој случај не би можеле ние да го демотивираме таквиот академски кадар кој што самоиницијативно е стимулиран и ентузијаст и амбициозен каракер за

да постигне повеќе успех во својата кариера и очигледно дека сака да биде и превреме избран во повисоко звање. Значи се губи, се брише на некој начин мотивацијата, стимулацијата на оние кои имаат лична амбиција да се унапредуваат побрзо, од друга страна гледано.

Понатаму, во контекст на ова последново би кажала дека веќе кога во Законот за високо образование и веќе кога во Законот за научно истражувачка дејност со одредени членови се третира оваа проблематика односно избор и реизбор предвремен и слично, тогаш никој не може да се постави над законот. Ниту над Законот за високо образование, ниту над Законот за научно истражувачка дејност. Ако нешто е регулирано со одредби по законите тогаш ние не можеме тоа да го спречиме, меѓутоа колку е објективно јас ќе се надоврзам на дебатата на почитуваната колеша Роза Топузова Каревска и ќе кажам дека се сложувам дека со подзаконски акти треба да се погрижи Министерството точно да ги прецизира и утврди критериумите кои што треба да бидат исполнети од страна на кандидатот за да може да биде предвремено реизбран односно избран во повисоко звање. Значи, тоа е многу важно да се прецизираат критериумите за предвремен избор во повисоко звање. Ако тоа го направиме тогаш сметам дека нема да имаме проблем во однос на овој момент.

Јас исто така би кажала дека она што го зборуваше колегата Герамитчиоски дека има за жал, се сложувам со него, дека има колеги кои што за релативно кратко време од асистенти со магистратура докторирале и станале вонредни професори. Тоа е срамота, јас на пример лично го осудувам тоа и не знам на кој начин се тие работи направени. Убаво е да се проверат ги има тие работи по универзитетите меѓутоа има и онакви случаи кои од датата на магистрирањето до датата на докторирање поминале само една година. За една година никој не може да одбрани докторска дисертација. За жал, имаме и такви случаи. Тоа е многу лош знак и присутен во последниве неколку години се почесто со одењето во странство на некои, не знам какви се тие универзитети за една година да може да се докторира. Тоа е навистина многу симптоматично и треба да се погрижите да видите како Министерството кога вршите нострификација на тие докторски дисертации. Дали е можно за толку краток период да се докторира да се добие титула доктор од некоја област.

Значи, би завршила со констатацијата дека треба да ги утврдиме критериумите по кои што точно ќе се прецизираат по кои што ќе се врши предвремен избор во повисоко звање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Сосема кратко.

Очигледно е дека не се разбрала суштината на амандманот. Значи јас со амандманот не предлагам да се укине можноста за предвремен избор во звање, тоа си стои и во Законот за високо образование и во Законот за научно истражувачка дејност. Јас предлагам резултатите да бидат критериум за избор во предвремено звање. Значи, тоа кое што досега, тоа би требало да се подразбира, но сите го заобиколуваат. Во некои други околности ова би било навистина вишок што го предлагам. Но тука бидејќи исклучокот стана правило, тогаш веројатно ќе мора со вакви интервенции да даваме облигаторност за институциите кои го вршат предвремениот избор да бидат ограничени. Резултатите од истражувачката работа на поединецот да бидат незаменлив критериум во избор во повисоко звање. Нека биде тоа пред и после две ипол години. Ако истражувачот покажува инзвонредни резултати на истражувањето, зошто да не, не смееме да ја затвориме таа можност некој да напредува побрзо ако покажува над просечни резултати над другите. Но тоа што се подразбира во други држави и кои што навистина се чудат кога поблиску ќе се запознаат, па јас ви кажувам сум имал прилика кога ја вршеа Европскиот универзитет евалуацијата на двата државни универзитети кај нас и кога ги дадоа забелешките по однос на кариерниот развој на професорите. Значи, резултатите да бидат единствен критериум за напредување, а не добрата волја на тројца или пет поединци или пак во институцијата си се договориле, ајде сите ќе си напредуваме како што има такви примери. Мислам се чуствувам повикан да го дообјаснам тоа и мислам дека треба да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска имате реплика три минути, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, не се сложувам дека не сме се разбрале. Напротив сме се разбрале дека вие, значи никој не кажа дека треба ниту пад дека вие барате да нема можност да се врши предвремен избор во одредено повисоко звање особено научно звање. Меѓутоа, дискусијата беше во насока дека оваа реченица во членот 25 нема да го реши проблемот кој што го имаме во предвремениот избор во научно звање. Значи, членот 25 и додавањето нова реченица во став 3, особено јас не гледам дека ќе го реши овој проблем. И затоа според мене е многу посуштински она што го кажувам да Министерството во подзаконскиот акт јасно ги дефинира сите услови за предвремениот избор. Во тој случај ќе можеме да го спречиме она што вие го говорите. Инаку, со оваа реченица дали била во членот 25 или не била праксата ќе си продолжи и повторно без строго дефинирани правила објавени трудови, се знае, монографски

изданија итн, или исклучителни резултати оној кој постигнал во тие две ипол години, тогаш нема да имаме можност да го спречиме она што до сега ни се случува, без никакви резултати да за две ипол години напредуваат и се избираат повисоки звања и исто така што е уште пострашно на година дена по магистрирањето, јас знам случаи дури и за помалку од година дена што имаат докторирано и се избрани многу брзо во највисокото советничко звање. Што значи дека од периодот на магистрирањето до највисокото научно звање не поминале ни пет години. Тоа според мене е недопусливо, но уште еднаш ќе кажам дека оваа реченица во овој став нема да го реши проблемо туку се потребни баш строго дефинирани правила во подзаконските акти и до некаде во насока на ова ќе придонесе амандманот што го имате поднесено на член 36 каде што јасно е дефинирано што треба да се содржи во тој член. Благодарам. мислам дека од ова до сега што кажав се разбравме за што се работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 50 пратеници, 6 гласале за, воздржани нема, против 44.

Дозволете пред да го прогласам гласањето за валидно да ги замолам службите да достават точен број на присутни пратеници во моментот на гласањето.

Жалам, гласањето не беше валидно.

Ги молам отсатните пратеници кои до пред неколку минути беа тука да повелат да се вратат во салата зошто ќе мораме да го повториме гласањето.

Повелете сужбите нека достават точен број на присутни пратеници.

Бидејќи во салата имаме кворум, амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за 10 гласале, воздржано 1, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 за додавање нова реченица, поднесена од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага да средствата остварени од научна истражувачка дејност да не подлежат на правилата на трезорското работење.

Ваквиот амандман Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

Повелете имате збор.

**Тале Герамитчоски:** Во овој амандман е дефинирано дека приходите од оваа дејност се сопствени приходи на установата. Установата може заради мотивираноста на истражувачите и останатиот персонал, еден дел од од овие приходи да ги употреби за наградување, согласно законските и подзаконските акти на установата.

Јас предлагам во законот, да се додаде, во овој член: “средствата остварени од научно истражувачка дејност, не подлежат на правилата за трезорско работење”.

Почитувани колеги, повторно ќе кажам, во некои други држави, каде што се почитува законот, нема потреба од ваква формулација. Но ова е Република Македонија. Во Република Македонија е можно на 10 дена пред завршетокот на фискалната година Министерството за финансии, со еден потег да ги одземе средствата кои што веќе се доделени од страна на Министерството за образование и наука, легнати на сметката, и се со намена за реализација на научно истражувачките проекти. Уште повеќе научно истражувачките проекти кои што имаат дополнителни извори на средства, особено развојните проекти, во кој што партнер се и стопанските субјекти, кога ќе се уплатат средствата, да не можат, согласно со правилата на трезорско работење од страна на министерот за финансии да бидат одземени. Тоа е без преседан и во една земја во која што се почитуваат законите, се почитуваат и институциите, се почитува нивната работа, е недозволиво меќањето на извршната власт во еден друг сегмент и заради други намени.

Молам, ова да се разбере, дека е во функција на помош на научно истражувачкиот кадар, на главните истражувачи, на институциите кои што нема да можат да ја остварат дејноста, дефинирана во овој закон без пари. А многу често може да им се случи таков упад. Или уште друг пример. Не мора да им бидат одземени средствата. Тие се должни преку Министерството за образование и наука до Министерството за финансии да доставуваат месечни обрасци во кои што по најава бараат да им се одобри трошење на средства, кои што се прибрани по овој основ. Но многу често од бирократски причини, значи, неажурност на Министерството за образование и наука, или ненавремено одговарање од страна на Министерството за финансии, тие средства навремено да не се одобрат во тековниот месец, институциите да бидат скратени за овие средства и да биде закочена работата со онаа динамика предвидена во научно истражувачкиот проект. Тоа зменикот министер многу добро го знае, бидјеки јас сум уверен, не би посакувал, но сум уверен дека можеби директно или индиректно се нашол во таква ситуација како главен истражувач,

мора да се најде некоја иснтитуционална рамка, овие појави да бидат спречени. Тоа беше целта на овој амандман и јас го молам мнозинството во Парламентот да го прифати амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, овде би сакала да дадам поддршка на овој амандман и сакам да укажам до Министерството за образование и наука, поготово во сегментот на науката. До душа, за волја на вистината, оваа година, колку што јас знам петте национални институти, немаат добиено средства за ниту еден научно истражувачки проект. Но се согласувам, со колегата Тале Герамитчиоски дека е добро да стои овој амандман, затоа што се случувало во минатото средствата кои што се добиваат за научно истражувачи проекти, иако има предвидено одредена динамика, ако треба тие да стигнуваат, стигнувале во ноември и требало, дури некогаш, имавме случаи за целокупниот проект средствата да стигнуваат во декември и согласно правилата за трезорско работење овие средства треба да се реализираат во декември, особено има проекти чија што програма многу тешко е да се реализира во последните два месеца на годината и доаѓало до тоа или парите несоодветно да бидат потрошени, за да бидат реализирани, или воопшто да не може да се реализира програмата и парите да останат непотрошени.

Поради тоа, навистина, ако не се прифати овој амандман, во секој случај мора да се размисли во Министерството за овие појави што ги имаме во научните институти.

Навистина, јас овде ја користам приликата, кога веќе ги спомнувам проектите, да укажам на тоа дека од осамостојувањето на Република Македонија до денес не се случило, зборувам за петте научни институти, кои што се таканаречени национални, кои немаат апликативни програми, да им се случи да немаат ниту еден научно истражувачки проект. Сега јас се прашувам за што тие институти постојат. Што тие луѓе да работат. Немаат средства за истражување, не можат да си ги реализираат своите програми, од друга страна ги земаат платите, за платите да не говориме, кои што можам да кажам дека се никакви, испод достоинството на работата која што ја обавуваат  и можам да кажам дека во голема мера тие луѓе повеќе се ентузијасти, отколку што работат за плата. Сега, на сето тоа да немаат ниту еден научно истражувачки проект, да не можат да ја реализираат програмата, апсолутно мислам дека е недопустливо и се надевам дека ова ќе биде последна година, каде што Министерството, односно откога оваа Влада ја има одговорноста за водење на државата, каде што не се доделуваат средства за научно истражувачки проекти. Верувајте, тоа е бессмислено и го доведува во прашање опстанокот на научните институти. Од една страна сакаме да имаме научни институти, зборуваме за петте национални институти, кои се од суштинско значење за Република Македонија. Најдобро, нивната улога и значење можеме да ги сфатиме во овие историски и  клучни моменти за нашата земја, кога сите говориме за зачувување на националниот идентитет, токму преку овие институти имаме можност да говориме за прашања битни за минатото, но суштински за иднината на нашата земја. Тука се отвораат проблемите за генезата, за опстојувањето и за историскиот развој на нашата земја.

Ако не ни требаат овие иснтитути,нека каже Министерството дека нема потреба од псотоењето на петте научни институти и тие нека бидат укинати. Вака да не им се доделуваат пари за научно истражувачки проекти, а притоа знаеме дека овие институти исклучиво се финансираат од Министерството преку Буџетот, тие луѓе се наоѓаат во една ненезавидна, туку, самите се чувствуваат бескорисни, во една ситуација во која што навистина, не ни се случила во изминативе 18 години.

Токму поради тоа, што се наидувало на проблеми околу реализацијата на средствата за научно истражувачките проекти, мислам дека овој амандман е добар и дека треба да биде поддржан. Можеби во јуни ќе бидат прифатени научно истражувачки проекти од овие институти. Јас морам да изразам одреден оптимизам дека тоа ќе биде така, се во името на работата и опстојувањето на институтите, кога тие ќе ја реализираат програмата. Знаеме како оди со трансферот на средствата и тогаш би било формално и тие што ќе бидат прифатени дека формалност е дека ќе стигнат парите во декември или во ноември и од тие пари нема да иманикој фајде, ниту државата, ниту научни институти, ниту научните работници, кои што треба да ги реализираат. Мислам дека амандманот е логичен и треба да биде прифатен и затоа апелирам до колегите пратеници да го прифатат овој амандман, затоа што е неопходен за реализација на научно истражувачката дејност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Положани.

**Азиз Положани:** Благодарам. Јас реков дека за два три збора за овој амандман треба да се кажат, во функција на поддршка на истиот од следните причини.

Прво, практиката покажува дека во финансирањето на научно истражувачка дејност има проблеми и тие проблеми произлегуваат од објективните неусогласени политики меѓу тоа што значи буџетска политика и Буџет за една година и потребата  на проектите кои што не можат да се вклопат во контекст на една година, туку така се тие направени и така функционираат тие да траат подолго. Значи, три години воглавно и затоа мислам дека до сега не се изнајде начин за едно

поефективно употребување на овие средства во функција на поефективни проекти и нивна употреба. Мислам дека амандманот е начин како да се надмине проблемот кој што веќе долго години е проблем и е причина за нереализација на средствата, како што реков поради неусогласеноста меѓу логиката на креирање на буџетска политика и самата потреба од поширокo дејствување на самиот научно истражувачки проект, кој што реков дека е подолг од една година, како правило.

Второ, мислам дека во законот и другите закони каде веќе нема други механизми и начини како да се помогне, или стабилизира или гарантира научно истражувачката дејност, со одредени законски решенија кој што би биле и по распределба на средства повеќе во функција и на Европската агенда за науката која што изостанува со овој предлог, значи ние немаме законска гаранција колку средства годишно според законот ќе се одвојат минимум за науката, таа навистина да биде во функција и на економскиот и технолошкиот развој на земјата. Во недостаток, тоа ќе мора да го ставиме, мислам дека амандманот е прифатлив, затоа што од оваа гледна точка, сепак помага и во сегашните околности и можности, средствата за наука и за научно истражувачка дејност бидат поефективно употребени.

Трето, кога Владата веќе прави напори за покачување на плати, за следните три години, очигледно, прави проекција подолга, од таа што е со закон можна во склоп на една година, значи, најавува покачување на плати во следните три години за толку и толку проценти, мислам дека е време на ист начин со ист пристап да го направи ист, преку Законот за извршување на Буџет да размисли за механизми како специфични дејности, да го прилагоди и трошењето на средствата за науката и научно истражувачка дејност. Бидејки тоа Владата гонема направено до сега, а јас го охрабрувам Министерството да побара соодветни решенија во Законот за извршување на Буџетот, со кој што ќе биде возможно за овие проблеми, за оваа дејност, надвор од општата годишна практика, за распределба и трошење на средствата од Буџетот, да има еден друг пристап истите да не се кочат и истите да не се комплицираат преку процедури кои што сега со истиот закон и се предвидени.

Од таа гледна точка, јас мислам дека вреди да се поддржи амандманот и како таков во склоп на поддршка на оваадејност, во недостаток на други поефиктивни политики, би помогнале и во овој контекст. Затоа јас го подржувам овој амандман. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, зашто не очекува гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да повелат да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, еден воздржан, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Јован Лазаров.

**Јован Лазаров:** Благодарам претседателе.

Овде се работи за амандман кој ги регулира органите на управувањето. Имено, во Законот е предложено органи на управа да институтите и на јавните приватните научни институти да биде Советот и директорот. Со амандманот се предлага покрај овие 2 органа да има и Управен одбор.

Бидејќи научните институти се мали единици обично приватните со минимум три, од 2+3, два доктори, три магистри, а јавните три доктори, три магистри. Тие можат да бидат и поголеми но во принцип би било премногу да имаме два органа управен одбор и Совет. Сите ингеренции од Управниот одбор се ставени во Советот.

Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот го повлекклувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 4, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменинк министер Јован Лазаров.

**Јован Лазаров:** Овој е тој амандман кој што јас го најавив и во кој што се бара да се додадат зборовите покрај списание, како критериуми за избор да бидат и објавени трудови во монографии, учество на меѓународни проекти, конференции, и собири.

Овој амандман Владата го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот  на Предлогот на законот.

Согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието пратеникот Славица Грковска поднесе амандман на член 66 по кој Владата не се произнела.

Соглсно член 56 алинеја 2, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го  молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетени прашања да свика седница на која Комисијата ќе даде мислење, дали со овој амандман се врши усогласување со претходно прифатен амандман.

За таа цел објавувам пауза од 15 минути кои сметам дека ќе бидат доволни Комисијата да го погледне амандманот.

Ќе продолжиме со работа во 13,10 часот.

(По паузата)

**Љубиша Геогриевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Продолжуваме со работа.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија го разгледа амандманот на член 66 поднесен од пратеникот Славица Грковска и оцени дека со амандманот се врши усогласување на одредбите на Предлогот на овој закон во смисла на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието.

Од овие причини Собранието ќе води претрес.

Мислењето на Комисијата ви е поделено.

Отворам претрес по амандманот на член 66 поднесен од пратникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Геогриевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа текстот на овој амандман станува составен дел на текстот од Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од пратникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, овој амандман и наредниот амандман почитуваната пратеничка предлага Рецензионата комисија за избори по научни звања, каде што во законот стои дека може да биде најмалку три или повеќе, таа предлага да бидат пет или повеќе, а во следниот амандман седум или повеќе. Цениме дека три члена се сосема доволно, а доколку во некој специфичен случај има потреба од повеќе на институцијата и е дозволено да има повеќе да избере Рецензионата комисија поголема од три члена. Од тие причини сметаме дека нема потреба од овој амандман и од следниот амандман и Владата не го прифаќа амандманот и ја повикувам пратеничката да го повлече амандманот.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има госпоѓица Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Во членот 39 став 3 се регулира бројот на членови на Рецензионата комисија која што треба да даде мислење за лицата кои треба да се изберат во истражувачки и научно наставни звања од иста или друга образовна институција или научна установа. Се предлага на Предлог законот Рецензионата комисија да се состои од најмалку три члена. Меѓутоа моето мислење е дека ваквата одредба може да има различни толкувања. За различни кандидати бројот на Рецензионата комисија може да брои различен број на членови и бидејќи нема горна граница таа комисија теоретски за некои кандидати може да биде и комисија од 10 или 11 члена, што сметам дека не е добро заради кандидатот, заради различните кандидати, заради различниот аршин на оценување и тоа не мора на кандидатот од ист конкурс, туку и на кандидати од различни конкурси. Нас може да ни се случи на даден конкурс за даден кандидат да се произнесат тројца членови од Рецензионата комисија, а на друг конкурс за друг кандидат да имаме Рецензионата комисија од 11 членови, што значително ја става во поразлична позиција кандидатурата на оној член во зависност од тоа колку членови Рецензионата комисија има.

Затоа, сметав дека треба да биде фиксна бројка или пак најмалку треба да биде, да има некоја горна граница над која ниту една од институциите не би можеле да има, не би можела да оди, за да не се случи вулгаризација на ваквата одредба од Законот. Сметав дека пет члена фиксни се сосема доволно и дека може да дадат релевантно мислење за кандидатот што сака да биде избран во истражувачко и научно наставно звање или пак да стои одредба, како што се предвидува во наредниот амандман најмалку три члена и да се додадат “а најмногу седум члена”. Значи, да имаме една максимална граница на членови на Рецензионата комисија која што, ќе кажам, ќе даде мерка во кои граници можат да се движат бројот на членови на Рецензионата комисија. Во спротивно, можеме да се соочиме со вулгаризација на овој член на Законот, со негова

злоупотреба и во зависност од потребата на различни кандидати да се движи и бројот на членови на Рецензионата комисија за различен кандидат. Затоа, сметам дека Собранието треба да го усвои овој амандман.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Топузова Каревска имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Со оглед дека колешката Славица Грковска има два амандмани, сакам да кажам дека е пологичен вториот амандман и дека вториот амандман би требало, со оглед дека следува гласање по овој амандман, а вториот уште има време да го усвои и почитуваниот заменик министер.

Не се служувам во делот дека пет члена фиксно е добра бројка од следниве причини. Ќе набројам поради што.

Прво, се вели, Рецензиона комисија која што се однесува за избор на лица во истражувачки наставно научни звања. Најниското истражувачко звање сметам дека и од искуството и од праксата дека нема потреба да има пет члена. Доволни се сосема три члена, затоа што знаеме дека тоа е најниско звање, знаеме како се добива веднаш по завршување на факултетот и нема што тука многу да се разгледува. Тие кандидати најчесто само покажуваат интерес кон научно истражувачка дејност, немаат некои монографски дела, во праксата барем е така, немаат некои дела кои што позначајно можат да влијаат врз научната мисла и затоа три члена се најдоволно.

Но, од друга страна се согласувам со колешката дека горна граница мора да има, затоа што да не дојде, како што и самата кажа, обично знаеме дека и членовите од Рецензионата комисија добиваат некој надоместок кој што не е Бог знае колку голем, но во секој случај е надоместок. Поради тоа да не ни се случи за избор во најниското звање, овде како што го има, најмалку три члена, но дава можност и за повеќе, па да се најде Рецензиона комисија од седум членови кои ќе одлучуваат дали треба да биде избран во асистент истражувач односно во соработничко звање. Мислам дека тоа е нелогично. Овој амандман сметам дека би било најупатно да биде повлечен, а за следниот амандман да го прифати заменикот министер, затоа што е логичен, издржан и праксата покажува дека ќе биде во функција на подобро формирање на рецензионите комисии. Инаку, фиксната бројка од пет члена пак од друга страна образложив зошто не е добра, затоа што навистина за најниското звање не се потребни пет члена. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Секуловска, имате збор.

**Мирјана Секуловска:** Кратко ќе дебатирам по овој амандман и сакам да кажам дека се сложувам со претходниот дискутант по однос на амандман односно дека нема потреба повеќе од три лица, од три члена да бидат во Рецензионата комисија. Бидејќи, согласно Законот за високо образование рецензионите комисии се составени од најмалку три члена односно секогаш се практикуваат три члена. Нема потреба од повеќе членови, затоа што оние кои што се избираат по звањата, значи претходно тие или магистрирале или докторирале што значи дека бранеле докторска дисератација односно магистерски труд пред компетентни членови, така што станува збор за избор односно реизбор. Најмалку три члена задоволува при извршувањето на оваа дејност на Рецензионата комисија. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам отсутните пратеници од салата да се вратат во салата, затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 4, воздржано 3, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е сличен како претходниот, дадов претходно објаснување и истото важи, па од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата потврдува дека не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министер, јас мислам дека грешите зошто не го прифаќате овој амандман, заради тоа што ако нема, потворно ќе кажам, горна граница за тоа колку може да биде бројот на членови на Рецензионата комисијата, може да се случи злоупотреба на овој член од Законот и да имаме комисии со енормен број на членови, што навистина не е добро. Мислам прифаќањето на овој амандман нема воопшто да наштети на текстот на законот, а од друга страна ќе овозможи злоупотреба и вулгаризација на овој член на законот. Значи добро е да има горна граница кога веќе сте ставиле долна граница од најмалку три члена. Доколку имаше фиксно три члена, тогаш немаше да има потреба од интеренција. Меѓутоа, штом сте ставиле најмалку три члена, мора да кажете колку најмногу може да бидат членовите на

Рецензионата комисија. Во спротивно ако некој се најде несериозен може да стави 21 член да брои Рецензионата комисија и навистина да имаме проблем. Такво нешто не смее да си дозволиме како законодавен дом и нема да дозволиме вакво законско решение да излезе од ова Собрание. Мислам дека само ќе ги минимизира злоупотребите кои теоретски можат да настанат, а меѓу другото тоа е една од работите за кои треба да се грижиме кога имаме законски решенија пред нас, мора да го минимизираме начинот и можностите за злоупотреба на одредени законски решенија и овој амандман токму тоа го овозможува, оневозможување на злоупотреба на овој член од законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Заради тоа се јавив за збор кај претходниот амандман, навистина не ми е јасно зошто заменикот министер не го прифаќа. Ова е исклучително добар амандман и не се согласувам дека е сличен. Претходниот беше со фиксна бројка пет, за која дадов образложение зошто не е добро да биде пет и да се даде можност при избор на најниските звања да има Рецензиона комисија од само три члена, што е сосема доволно и сосема логично. Меѓутоа, почитуван заменик министер, навистина не знам зошто беше потребно да се отфрли овој амандман, што пречи да биде горната граница лимитирана. Во право е колешката, може да се случи зооупотреба и непотребно да се одредат седум - осум - девет рецензенти и при избор и во најниските звања и тоа прво поради како што реков ако има некој надоместок повеќе луѓе да го земат, но и тоа не е проблем, проблемот е што е додека се чекаат сите да ги напишат своите рецензии се губи непотребно време и на крајот сите седум може да имаат различни мислења. Многу потешко е, ќе се согласите, да се усогласат седум луѓе отколку да се усогласат тројца луѓе, повеќе време треба и повеќе дебата меѓу нив и тоа за избор во најниското звање. Разбирам ако се работи за избор во највисокото звање, ајде да има и пет члена, но затоа овој амандман е добар, дава лимит од три членови, но ја лимитира и горната граница. Мислам дека е добро затоа што можам да ви кажам дека вака даден членот дава можност за злоупотреби и навистина за едно исто звање може да се случи да бараме за еден кандидат да има три члена, а за друг кандидат и 10 членови. Мислам дека амандманот е многу логичен, доколку не го усвоите, тогаш барем би било добро - дури јас очекував дека и вие односно Министерството ќе го разграничи, да кажеме за соработничките звања, Рецензионата комисија може и треба да брои три членови и ништо повеќе, а за избор во научните звања да брои од три до пет членови. Тоа ќе беше најдоброто, за да посочите и да се знае точно колку членови ќе има. Вака се дава можност за злоупотреба и не е добро кога донесуваме нови законски решенија да имаме исклучено препишани одредби од стариот закон. Реков во 1994 година е донесен добар закон за научно-истражувачка дејност, но очигледно имало некои пропусти и сега треба да ги поправиме. Ако ги имаме препишано истите од стариот закон и со некои мали усогласувања со Европската унија, тогаш зошто само го носиме законот. Момент е да ја поправиме грешката што тогаш сме ја уочиле.

Ве молам, имате уште време да го прифатите амандманот или пак парламентарното мнозинство да гласа. Ве убедувам дека нема да направите грешка, само ќе им помогнете на оние кои работат во јавни научни установи да можат поефикасно и понавремено да бидат избрани во звања. Апсолутно ништо лошо не правите, ниту е ова против државен елемент, ниту од ова ќе пропадне државата. Ве молам размислете, добро е да биде овој член и навистина во голема мера ќе помогне при изборот во звањата и ќе биде крајно регулирана материјата за да може да се избегнат злоупотреби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Секуловска, имате збор.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван претседател.

Јас не се согласувам со овој амандман од причина што во членот 39 став 3 во кој се регулира со амандманот од страна на колешката што е предложен стои: “Рецензенската комсиија се состои од најмалку три члена од кои повеќе од половината се лица со истражувачи наставно - научни звања од истото научно подрачје во научната област во која се избира кандидатот, а другите членови се од соодветната научна област.” Според тоа, дали ќе бидат три или седум член е ирелевантно, бидејќи половината од три или седум треба да бидат од истата научна област за која се врши изборот.

Затоа, овој амандман нема логика да се прифати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 8, воздржано нема, против 47.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во моментот на гласањето.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман, според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салиу и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседател, овој амандман веќе е прифатен од Законодавно-правната комисија и е составен дел на законот, така што нема потреба од овој амандман.

Од тие причини Владата не го прифаќа и молам претставникот на предлагачите да го повлече, бидејќи веќе е прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи е веќе прифатен.

Предлагачот дали има коментар?

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Ако веќе е дел на законот, немам потреба да стои. Го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман Владата не го прифаќа, од причини што материјата која се третира во овој амандман, тоа е право на финансиска поддршка имаат само регистрирани истражувачи, е регулирана со други членови каде што точно се цитирани сите правила и од тие причини ова е последен амандман, следниот амандман ќе го прифатиме, го молам предлагачот да го повлече и да го усвоиме законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Амандманот е поднесен само во функција на помош на Министерството, бидејќи во Законот се регулирани правилата на игра како да се создаде база на податоци на регистирани истражувачи. За да има некоја вредност таа база на податоци, да има некое значење, дополнително се сугерираше финансиската подршка да важи само за тие регистрирани истражувачи.

Доколку претставникот на Владата мисли дека со други членови го регулирал ова, амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 3, поднесен од пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Аднан Јашари, Ајше Селмани, Селвие Салиу и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Ова последен амандман. Владата го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе амандмани, јас се заблагодарувам на сите пратеници за учеството во овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко, би сакала да дадам поддршка на овој закон. Сметам дека законот кој го имаме пред нас е добар закон за научно-истражувачка дејност. Сакам да искажам жалење зошто не беа прифатени некои од амандманите со кои навистина само ќе се подобреше Текстот на законот и во голема мера ќе се придонесеше Законот да има можност полесно и поцелисходно да биде имплементиран. Навистина имаше барем три - четири амандмани кои беа во таа насока и морам да кажам дека нелогично беше ниту од страна на заменикот на министер, ниту од страна на пратениците што не сакаат да ги прифатат тие амандмани.

Со оглед на тоа што веќе го донесовме и Законот за научно-истражувачка дејност да го кажам и следново. Имено, не е доволно само да имаме добар закон, туку навистина и Министерството и Владата треба малку повеќе внимание да посветат на научно-истражувачката дејност. Јас мислам дека особено овој закон пред се се однесува на петте национални, а сега ќе имаме седум национални институти кои исклучиво се финансираат од страна на Министерството. Јас кажав и пред малку и пак ќе повторам прв пат од осамостојувањето на Република Македонија се случува националните институти да немаат ниту

еден проект, значи од страна на Министерството не се финансира ниту еден проект. Се надевам дека ова ќе биде брзо надминато, за научните институти минатата година ќе биде заборавена и сега во јуни месец кога е обично конкурсот, Министерството ќе ја согледа потребата од научно-истражувачката дејност и работењето на овие институти кои се јавни научни установи и ќе одобри проекти кои се од суштинско значење за историјата, развојот и културата на нашата земја, за нашиот национален идентитет, на кој сите се повикуваме овие денови. Ве молам, грижата за националниот идентитет не се изразува преку митинзи и протести и преку изјави на одделни партии, туку националниот идентитет се сочувува меѓу другото и со финансирање на научно-истражувачката дејност на националните институти. Имајте го тоа во предвид и затоа што ова е многу сериозно укажување. Ако сакате дас замрат научните институти, да стане непотребно нивното опстојување и тогаш дури самите ќе си го загрозиме националниот идентитет, тогаш продолжете со оваа пракса, ниту еден денар да не издвојува за наука. Од друга страна, не сакам да говорам за платите на научните работници кои се навистина се под достоинството, но за тоа нема вина само оваа Влада, туку години по ред наназад не се води сметка за луѓето кои се занимаваат со оваа работа.

Го молам заменик министерот со оглед дека токму тој е задолжен за наука, да го има ова предвид и очекувам дека оваа дискусија ќе биде последна, во јуни месец ќе имаме проекти кои ќе бидат признати и прифатени од Министерството за образование и наука и луѓето ќе ги добијат потребните средства за да можат да продолжат со својата научно-истражувачка дејност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Дозволете ми само две минути.

Почитувани пратеници, сакам да го искажам следново за законот кој го завршуваме, да го искажам ставот на нашата парламентарна група. Ние оценуваме дека овој закон е потребен, со жалење за доцнењето на неговото поднесување и што почетокот на овој мандат не се искористи за негово поднесување, за да се создаде посинтетизиран закон во насока на содејствувањето на науката и научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој, па наместо еден закон имаме два закони. Мислам дека би било подобро да имаме еден закон и не се поднесоа есенцијални суштествени промени во насока на подобрување и унапредување на финансирањето во областа на науката и научно-истражувачката дејност. Но, со оглед на тоа што од страна на Владата се прифатија нашите амандмани, во однос на подобрување на неколку области од истиот закон, секако дека ќе го поддржиме овој закон и посакуваме и честитаме. Исто така и во иднина ќе ги подржуваме тие измени на закони кои во себе ќе го содржат тоа, меѓу двата закони да има еден закон за технолошкиот развој и научно-истражувачката дејност, како единствен начин за унапредувањето на економскиот развој преку иновации.

Второ, во законот треба да се предвиди точниот процент во согласност со Лисабонската декларација за државното финансирање на науката, што не треба да биде помалку од 1%. Не велам ова да се случи веднаш, туку со една предвидена динамика да се постигне овој процент, со цел од науката да се бара посилна подршка за економскиот развој, бидејќи на крајот на краиштата науката треба да и служи на економијата.

И трето, мислам дека немавме можност да се предвидат фискалните ослободувања кои ќе овозможат соодветно финансирање на науката и технолошкиот развој во претпријатијата и другите средини, некои амандмани кои беа во оваа функција и се однесуваа на овој и претходниот закон, не се поддржаа од страна на Владата. Затоа, еден иден закон неопходно треба да предвиди фискални олеснувања на инвестиции и можноста науката да биде во функција и на трансферот на технологии и иновациите, каде и приватните фирми, со цел да се исполни вториот процент, двата проценти од вкупно три од Лисабонската декларација, навистина науката да се стави да биде силен промотор за економскиот развој на земјата. Имајќи ги предвид овие потреби, останува со надеж дека има простор за подобрување во оваа област и точките што ги нагласив треба да бидат приоритетни за да се подобри и измени овој закон во иднина.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови и од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам предлогот на гласање, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да создадеме услови за работа.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, од нив 60 гласале за, воздржано нема, против 1.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

На седницата присуствуваат 13 пратеници кои припаѓаа на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, сите 13 гласаа за Предлогот на законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за научно-истражувачкатаејност.

Тука почитувани пратеници објавувам редовна пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,22 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Иљаз Халими:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Собранието на Република Македонија на 26 мај 2004 година, го донесе Законот за заштита и спасување со кој се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија во Република Македонија. Со овој закон заштитата и спасувањето во Република Македонија се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранувањето на последиците од настанатите природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија со кои се загрозува животот и здравјето на луѓето, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба и предметите од објектите од особено културно и историско значење.

Покрај тоа со овој Закон е утврдено дека заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес на Републиката и неа ја организираат и спроведуваат органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговските друштва, здруженијата на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Заради извршувањето на работите од заштитата и спасувањето од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи со овој Закон се основа Дирекција за заштита и спасување како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице, која со работа отпочна на 16.05.2005 година при што работните места согласно актите за организација и систематизација беа пополнети со превземање на вработените од Министерството за одбрана кои вршеа работа од областа на цивилната заштита и вработените во Министерството за внатрешни работи кои вршеа работи од областа на инспекцискиот надзор за заштита од пожари.

По донесувањето на законот и неговата имплементација истиот помина и низ фазата на евалуација од страна на релевантни домашни и меѓународни експерти чии оценки беа мошне поволни, но практичната примена која отпочна на 01.01.2005 година како и актуелниот комплексен процес на децентрализација и пренесувањето на одредени надлежности од државно на локално ниво, покажа извесни недостатоци на утврдените законски решенија за чие надминување неминовно се наметнува потребата од нивно итно решавање.

Примарната потреба за донесување на овој закон е усогласување на законите на Република Македонија со изворите на правото на Европската унија и тоа со Директива 31996Л0082 Контрола на опасности од големи акциденти од опасни супстанци. Оваа директива е транспонирана во Законот за животна средина во поглавјето 15 Спречување и контрола на хавариите со опасни супстанци, измените на Законот за заштита и спасување, само се повикуваат на Законот за животна средина се со цел за воспоставување на координиран систем за заштита и вклучување на плановите за заштита од опасни супстанци на основните планови за заштитата.

Во летото 2007 година, Владата на Република Македонија согласно Законот за управување со кризи, донесе одлука за прогласување на кризна состојба на територијата на целата држава, и како резултат од високите температури и шумските пожари. Иако Република Македонија прва во регионот успешно се справи со шумските пожари, по извршената анализа беа констатирани одредени недоследности на системот кои воглавно беа од нормативна природа и се однесуваа на преклопувањата на надлежностите меѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. За таа цел Владата на Република Македонија на 93-тата седница донесе заклучок за формирање на мешовита комисија која ќе работи на усогласување на разликите помеѓу законите за заштита и спасување и управување со кризи. Мешовитата комисија се состана неколку пати, ги детектира преклопувањата и со овој Предлог

Закон уверена е дека систематските слабости кои постоеа сега ќе бидат отстранети.

Новопредложените решинија ќе овозможат разграничување и појаснување на надлежностите, задачите, одговорностите и правата со што ќе се овозможи конципирање на современ, рационален, ефикасен, компатибилен, заснован на однапред утврдени начела и практично примерлив систем за заштита и спасување на граѓаните, нивниот имот и добрата од општ интерес од природни непогоди и други несреќи во Република Македонија.

Во меѓувреме, одредени измени во Законот за судовите како и донесувањето на новиот Закон за прекршоците, бараат најитно усогласување и на одредени одредби од постојниот Закон. Токму од однапред наведените причини се наметнува потребата од соодветно изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Од причини што не се работи за обемни измени во постојниот закон се предлага согласно член 152 од Деловникот на Република Македонија, Предлогот на законот да се претресе на истата седница на Собранието на која се претресува и предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министре.

Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Накратко сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ во однос на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување и да укажеме на одредени забелешки кои што сметам дека се во функција на подобрувањето на текстот на Предлогот на законот за подобра, полесна примена, мислам да бидеме и поефикасни во овој дел, заради тоа што една од главните причини кои што се наведуваат овде е токму и ефикасноста во справувањето со кризни состојби, или поводот, конкретно она што ни се случуваше во изминатиот период во Република Македонија е да направиме да имаме законско решение кое што ќе овозможи на брз начин без преклопување на ингеренциите на еден, или на друг орган, туку со меѓусебна координација, со заеднички сили во рамките на сопствените надлежности да направиме ефикасен систем кој што ќе гарантира добра заштита и спасување во Република Македонија, посебно што ова е една Управа која што се формира од понов датум. Мислам дека токму усогласувањето со законските регулативи на Европската унија, а гледаме дека се усогласувања потполно во овој дел, ни налагаше една обврска да се носи закон за заштита и спасување. Иако овој текст на закон беше малку преуреден токму заради усогласувањето со Законот за управување со кризи, мислам дека има одредени забелешки кои што ќе мораме да ги искажеме, со кои што сметаме дека треба да се допрецизираат одредени работи во овој Предлог на закон и да ги усогласиме и со правниот систем на Република Македонија во одредени сегменти. Очигледно беше дека ако една од главните причини евалуацијата на законот кој што беше донесен во 2004 година и укажаните недостатоци кои што се појавуваа во формирањето и во развојот на оваа служба, посебно она што ни се случи минатата година, мислам дека укажува на фактот дека мораме да имаме навистина законско решение кое што ќе ни гарантира ефикасност во тој дел и во најмала мера да ги сведеме тие негативни појави кои што ќе ни се јавуваат за да можеме понатаму исклучиво сите што се надлежни во овој процес пред се Владата врз основа на овој закон ги искористат сите човечки ресурси и потенцијали за да можат да се справат со одредени состојби. Тоа за жал, иако кажуваме дека можеби најбрзо сме го направиле во Република Македонија во рамките на регионот минатата година. Меѓутоа, имаше сериозност во сите овие случувања, покажа дека навистина не можеме да бидеме ефикасни. Лично не верувам дека тоа е заради преклопувањето на одредените ингеренции кои што се во даден момент, туку заради некое слабо функционирање кое што го имаме и во делот на Владата на Република Македонија и во делот на овие органи кои што покриваат. И посакувам навистина овој Закон да ги расчисти сите тие дилеми, во иднина да не ни треба, меѓутоа ако затреба, да имаме што е можно подобро организирана служба во рамките на Република Македонија. Како една од моите забелешки, после тоа ќе говорам и во амандманската распава, заради тоа што имам поднесени одредени амандмани на членовите на Законот. Овде ќе истакнам неколку дилеми и мислам дека ќе треба да се даде одговор, бидејќи гледаме дека мерките за заштита и спасување ги делиме на два дела, што не укажува на тоа дека со поделба на мерките во различни членови од законот ќе постигнеме некаква поголема ефикасност, заради тоа што, тоа е нешто што останува како мерка која што треба да ја спроведеме. Мора да поставиме прашање, дали сме подготвени до крај да ги испочитуваме мерките кои што се предвидени во Законот за заштита и спасување, или едноставно го бараме решението мерките да ги поделиме на урбанистичко-технички мреки и на хуманитарни мерки, што до крај едните не ги исклучуваат другите, или можеме да имаме дури целосна вклученост на неколку мерки во одредена состојба кое што ќе го оценува нашиот систем на ефикасност во делот на заштитата како и на кој начин како држава ќе се справиме, колку ќе биде тој временски период што ќе можеме тоа да го направиме итн. Мислам дека ова ако е направено исклучиво нешто да смениме во делот на

законското решение, очекувам дека ќе има одговор на тоа зошто се поделени овие мерки на ваква класификација, а не воопшто да се набројат како мерки на заштита и спасување. Заради тоа што ништо друго не е направено различно од претходниот закон, едноставно ги имавме сите мерки дадени со истите дефиниции кои што ги давате и во оваа поделба на урбанистичко-технички и на хуманитарни мерки со никаква друга промена. И за мене верувајте не ветува дека многу нешта ќе промениме во тој дел. И токму заради тоа и во амандманите предлагам поделбата да ја вратиме како во постојното законско решение, заради тоа што дополнително да не го оптоваруваме текстот со наслови и поднаслови, а тоа се прави со ова законско решение. Значи, ниту имаме некаква промена во дефиницијата на било која од мерките, ниту начинот на кој што се спроведува, ниту ќе ни гарантира голема ефикасност, само раков, ги зголемуваме насловите и поднасловите во текстот на законот. Многу поедноставно напишан закон, верувајте дека е многу поприменлив и поефикасен во делот на неговото спроведување, отколку да правиме вакви поделби од кои што ќе кажуваме дека направивме навистина сериозни промени и од утре можеме да очекуваме дека нашиот систем на заштита и спасување ќе функционира беспрекорно.

Посебно сакам да се задржам на делот на надзорот над спроведувањето на одредбите од Законот за заштита и спасување. Мислам дека токму во делот на надзорот сме ја направиле тотално спротивна улогата на оние кои што ќе го спроведуваат надзорот од сите други инспекциски органи во Република Македонија. Според тоа, мора во тој дел навистина да имаме сериозни причини и сериозни објаснувања од страна на Владата на Република Македонија зошто е тоа така направено. Ако при процесот на децентрализација во Република Македонија еден од сегментите во која што беше реализирана во најголем процент децентрализацијата, тоа беше токму во системот на заштитата и спасувањето. Сите работи кои што се предвидени во делот на децентрализацијата, веќе се превземени од страна на локалната самоуправа од сите општини во Република Македонија и од Градот Скопје. Оттука навистина не можам да видам која е логиката дека само државен инспектор може да врши надзор над заштитата и спасувањето, а тоа не може да го прави и овластен инспектор, или инспектор кој што би го имале советите на локалната самоуправа и на Градот Скопје, односно општините во Република Македонија и Градот Скопје. И токму во тој дел мислам дека треба сериозно да размислиме. Не може Државниот инспектор за заштита и спасување навистина да го спуштаме на едно многу ниско ниво визави инспекторатите во сите други сегменти. Ако го земете Инспекторатот за труд, Просветниот инспекторат итн, сите тие имаат општински инспектори кои што вршат одреден надзор. Додека во делот на Законот за заштита и спасување се прави преседан, разлика во делот на инспекциските служби во Република Македонија и се остава само Државниот инспектор. Државниот инспектор го сведуваме во рамките во одредена надлежност на овластените инспектори во сите други подрачја каде што се спроведе децентрализацијата и извршена е комплетна, или 95% децентрализација врз општините во делот на активирањето на единиците за заштита и спасувањето во формирањето на штабовите за цивилна заштита итн, меѓутоа, не и во надзорот и тоа мораме да го направиме.

Исто така, има една одредба која што укажува на тоа дека Државниот инспектор за заштита и спасување има посебни овластувања. Посебните овластувања кои што се заговараат во овој закон, навистина не можам да ги разберам по што ќе биде поразличен Државниот инспектор за заштита и спасување од Државниот инспектор на трудот, или Државниот просветен инспектор, ако важат законските прописи кои што се однесуваат на работата и на функционирањето во делот на Упрвата, Закон за општа управна постапка во рамките на овие инспекторати, тогаш не знам зошто тоа не може да го прави и Државниот инспектор за заштита и спасување, туку ќе мора да се имаат посебни овластувања кои што ќе им се дадат на овие инспектори. И тука мислам дека се прави дерогирање на постојните закони кои што ги уредуваат инспекциските надзори, пред се тука мислам на Законот за општа управна постапка. Јас говорев дека и при донесувањето на тој закон ние направивме извесно дерогирање со самото тоа што укажавме дека одредени управни постапки ќе се регулираат со соодветни закони. Со тоа го намаливме значењето на овој Закон и сега се наметнува такво прашање при носење на овој Закон за заштита и спасување.

Мојот став е исто така, дека не може вработените во Дирекцијата кои што вршат работи во обласата на инспекцискиот надзор превземени од Министерството за внатрешни работи, од Министерството за одбрана итн, а се со вишо образование, повторно да им оставаме рок дополнителен за да завршат високо образование и да вршат инспекциски надзор. Тотално во нерамноправна положба со било кој инспекторат, или со било кој државен службеник во одредена позиција се става, ако ја оставиме оваа одредба. Зошто тогаш, да не би можело сите кои што ги држеле местата со вишо образование да ги оставиме и да им дадеме дополнителни рокови да го доформат своето образование. Тоа се случуваше и во локалните самоуправи. До тогаш со вишо, со средно образование се вршеше инспекцискиот надзор и во комунални дејсности итн. Меѓутоа, по носење на Законот никаде не се оставаше временски период во кој ќе го доформуваме образованието, туку напротив со тоа не можете како Влада да ја исполните вашата обврска, или она што постојано го имате како

кампања дека образованието е моќ. Да, образованието во Република Македонија е моќ, ама вие со високо образование ќе седите дома невработени, а некој со вишо образование, кој го земал местото, ќе биде инспектор и ќе врши инспекциски надзор над органите за заштита и спасување. Тотален апсурд, гледајќи врз основа на принципите кои како Влада ги застапувате во тој дел. Делот кој се однесува на прекршочните одредби од усогласувањето на законот, тоа е потреба која требаше да се направи во даден момент. Меѓутоа, мислам дека, ако веќе овој закон еднаш се врати од собраниска процедура заради усогласување со еден друг закон, наводно, не можеме да оставиме одредени одредби кои постојано ќе ни отвараат дилеми и повторно може, не дај боже ако нешто се случува во Република Македонија, да укажуваме на лоши законски одредби за неможноста да се справиме со одредени состојби.

Ако останат одредени одредби кои ги ставивте овде во овој закон сега, тоа укажува дека повторно ќе имаме одредби од кои ќе се провлекува злоупотреба, а не нивна правилна употреба, од кои можеме да очекуваме дека нема да имаме ефикасност во системот за заштита и спасување, заради тоа што, уште еднаш напоменувам, главната поента на вршењето на инспекцискиот надзор над спроведувањето на овој закон е оставена на луѓе, мал број луѓе кои се државни инспектори кои не можат да ја покријат територијата на Република Македонија најдобро, не се остава простор општините и Градот Скопје да имаат овластени инспектори кои тоа ќе можат да го инспекторираат во годината, во одреден временски период да укажуваат на подготвеноста или неподготвеноста на овие органи.

Мислам дека и понатаму преку амандманите нудиме една добра можност да отстраниме дел од овие забелешки на кои укажав во моето излагање. Очекувам дека Владата сериозно ќе размисли по однос на овие забелешки, ќе даде одговори на некои прашања кои ги поставивме овде и ќе можеме да направиме квалитетен применлив закон кој ќе ни гарантира еден ефикасен систем на заштита и спасување и конечно, бидејќи ќе биде и комплетно усогласен со регулативата на Европската унија, ќе можеме да констатираме дека имаме Управа која ќе може сериозно да се справува со настанатите состојби во Република Македонија и правовремено и ефикасно да реагира.

Инаку СДСМ ќе даде подршка на овој предлог.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлотот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Пред да го ставам предлогот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи не создадовме услови за работа, тука ја прекинувам денешната седница.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,04 часот)